"Службен Весник на Република Македонија" број 4/02, од 25 јануари 2002 година

# ЗАКОН
# за задолжување на Република Македонија кај Меѓународното здружение за развој (ИДА) по Договорот за кредит за Проектот за развој на општините и културата

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународното здружение за развој (ИДА) со кредит во износ од 4 милиони (4.000.000) Специјални Права на Влечење(СПВ), еквивалент на 5 милиони американски долари, наменет за Проектот за развој на општините и културата.

Член 2

Условите и начинот на користење на кредитот од член 1 на овој закон се утврдуваат со Договор за кредит по Проектот за развој на општините и културата, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и Меѓународното здружение за развој (ИДА).

Во име на Република Македонија, Договорот за кредит од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Кредитот е бескаматен, со рок на отплата од 35 години и грејс период од десет години.

Кредитот ќе се отплаќа во еднакви полугодишни рати кои пристигнуваат за плаќање на 15 март и 15 септември секоја година, почнувајќи од 15 септември 2011 година, а завршувајќи на 15 март 2036 година.

Секоја отплата на главнината од 15 септември 2011 до 15 март 2021 година ќе изнесува 1,25% од износот на главнината на кредитот, а секоја отплата од 15 септември 2021 до 15 март 2036 година ќе изнесува 2,5% од износот на главнината.

Член 4

На неповлечените средства од кредитот се плаќа провизија по стапка што ја пропишува Меѓународното здружение за развој (ИДА) на 30 јуни секоја година, но не поголема од 0,50% годишно. Провизијата се пресметува 60 дена од денот на влегувањето во сила на Договорот од член 2 од овој закон до денот на повлекување на средствата.

На повлечените средства од главнината на кредитот што пристигнува за плаќање се плаќа провизија за услуги по стапка од 0,75% годишно.

Провизијата од ставовите 1 и 2 на овој член се плаќа полугодишно и тоа на 15 март и на 15 септември секоја година.

Член 5

Кредитот ќе се реализира преку Проектната единица за имплементација на Проектот за развој на општините и културата формирана во Министерството за култура.

Член 6

Република Македонија кредитот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".